# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
# НА ОПШТИНА РОСОМАН

**Бр.19/25 од 15.12.2025 година**

*Службениот гласник на Општина Росоман излегува по потреба*	*Изготвува општинската администрација на Општина Росоман*

# СОДРЖИНА

1. Заклучок за објавување на Програмата за одбележување на Денот на општина Росоман 17ти Декември 2025 година........................................................................................ 4
2. Програма за одбележување на Денот на општина Росоман 17ти Декември 2025 година.................................................................................................................... 5
3. Заклучок за објавување на Одлуката за утврдување на бројот на стипендии и избор на стипендисти за учебната 2025/2026 година.............................................................. 7
4. Одлука за утврдување на бројот на стипендии и избор на стипендисти за учебната 2025/2026 година........................................................................................................ 8
5. Заклучок за објавување на Решението за неусвојување на Нацрт – Буџетот на Општина Росоман за 2026 година.............................................................................. 10
6. Решение за неусвојување на Нацрт – Буџетот на Општина Росоман за 2026 година.................................................................................................................... 11
7. Заклучок за објавување на Одлуката за определување на надоместок на изборните органи за извршената работа во процесот на подготовка и спроведувањето на Локалните избори 2025 година во општина Росоман................................................. 12
8. Одлука за определување на надоместок на изборните органи за извршената работа во процесот на подготовка и спроведувањето на Локалните избори 2025 година во општина Росоман.......................................................................................................... 13
9. Заклучок за објавување на Решението за давање на согласност на Анекс број 1 за измена и дополнување на Годишната програма за работа и прилозите кон Годишната програма на ООУ„Пере Тошев“ Росоман, бр.01-256/3 од 01.08.2025 година за учебната 2025-2026 година............................................................................ 15
10. Решение за давање на согласност на Анекс број 1 за измена и дополнување на Годишната програма за работа и прилозите кон Годишната програма на ООУ„Пере Тошев“ Росоман, бр.01-256/3 од 01.08.2025 година за учебната 2025-2026 година. 16
11. Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 1.6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за регулиран период од 2025-2027 година......................................................................................... 17
12. Заклучок по однос на точка 1.6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за регулиран период од 2025-2027 година. 18
13. Заклучок за објавување на Заклучокот по однос на точка 1.7 од утврдениот дневен ред на седницата - Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за регулиран период од 2025-2027 година.................................................................................................................. 19
14. Заклучок по однос на точка 1.7 од утврдениот дневен ред на седницата - Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за регулиран период од 2025-2027 година.............. 20
15. Заклучок за објавување на Решението за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на

бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година...................................................... **21**

**16.** Решение за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година.............................................................................................. **22**

**17.** Заклучок за објавување на Решението за давање на согласност на Програма и план за работа на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА со предлог буџет и финансиски план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА за 2026 година........................................................................ **23**

**18.** Решение за давање на согласност на Програма и план за работа на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА со предлог буџет и финансиски план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА за 2026 година.............................................................................................. **24**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Програмата за одбележување на Денот на општина Росоман 17[ти] Декември 2025 година, донесена на 3-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 15.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-895/1.1** **ОПШТИНА РОСОМАН**
**18.12.2025 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Р О С О М А Н** **Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 44 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата на општина Росоман за 2025$^{та}$ година од областа на културата и културните манифестации (одбележување на празници и манифестации) бр.08-736/1.9 од 30.12.2024 година, Советот на Општина Росоман на 3-та седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за одбележување на Денот на општина Росоман 17$^{ти}$ Декември 2025 година

- Општина Росоман и оваа година традиционално во чест на Денот на општината 17$^{ти}$ Декември, ја одбележува 29 годишнината од нејзиното формирање.

- Советот на општина Росоман во целост ја прифаќа доставената Програма за одбележување на Денот на општина Росоман 17$^{ти}$ Декември 2025 година.

- Традиционалното одбележување на Денот на општина Росоман 17$^{ти}$ Декември 2025 година, ќе се одржи на 17 Декември - среда, локација - Старо училиште во Росоман со почеток во 12:00 часот.

### СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА:

**11:00 часот** Прием на членовите на делегациите кај градоначалникот

**12:00 часот** Свечена седница на Советот на општина Росоман, по повод 17$^{ти}$ Декември – Ден на општина Росоман

- Отварање на свечената седница со изведба на државната химна – Училишен хор при ООУ „Пере Тошев“ – Росоман
- Обраќање на градоначалникот на општина Росоман Ѓорѓи Крстевски
- Настап на учениците од ООУ „Пере Тошев“ – Росоман со Избрани стихови од Лазо Каровски
- Културно - уметничка програма со настап на КУД „РОСОМАН“ - Росоман
- Настап на ритмичката група од ООУ „Пере Тошев“ – Росоман
- Доделување на пригодни награди и признанија на истакнати ученици и жители на општина Росоман за особен придонес во развојот на општината во разни области

**13:00 часот** Свечен коктел

- Средствата за покривање на трошоците за одбележување на Денот на општина Росоман - 17ти Декември, ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Росоман за 2025 година, во висина од 250.000,00 денари.
- Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 -895/1.1**
**15.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за утврдување на бројот на стипендии и избор на стипендисти за учебната 2025/2026 година, донесена на 3-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 15.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-895/1.2**
**18.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 11 и точка 32 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а согласно Програмата на општина Росоман од областа на образованието за 2025 година со бр.08-94/1.5 од 31.01.2025 година, на предлог на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти формирана од страна на Советот на општина Росоман, на одржаната седница на ден 15.12.2025 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за утврдување на бројот на стипендии и избор на стипендисти за учебната 2025/2026 година

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува вкупниот број на стипендии за талентираните ученици и студенти во Општина Росоман за учебната 2025/2026 година.

Со оваа Одлука се менува бројот на првично предвидените стипендии единствено во категорија основно образование превидени во Јавниот повик, заради образложени причини.

Со оваа Одлука се одобруваат вкупно 12 стипендии за талентирани ученици и студенти, а за кои што стипендисти  предвидени се средства од Буџетот на општина Росоман со усвоена Програма од областа на образованието за 2025 година на Општина Росоман.

### Член 2

Со оваа Одлука се врши избор на талентирани ученици и студенти за учебната 2025/2026 година и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| **Митре Ѓорѓиев** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **IX одделение** |
| **Дарко Николов** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **VIII одделение** |
| **Андреа Ѓорѓиова** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **VI одделение** |
| **Матеј Златков** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **VII одделение** |
| **Олгица Нацева** | **Студент при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип Факултет за медицински науки** | **IX семестар - учебна 2025/2026** |
| **Харалд Димитриевски** | **Ученик при Гимназија „Добри Даскалов“ - Кавадарци** | **II година средно образование** |

| | | |
|---|---|---|
| **Софи Костова** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **VIII одделение** |
| **Андреј Арсов** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **IX одделение** |
| **Вероника Степова** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **VIII одделение** |
| **Лука Златев** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **IX одделение** |
| **Антонела Митрова** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **VII одделение** |
| **Елена Царева** | **Ученик при О.О.У. „Пере Тошев“ Росоман** | **VI одделение** |

**Член 3**

Со оваа Одлука се одобрува исплата на средства во вкупен износ од 243.000,00 денари за исплата на вкупно 12 стипендисти и тоа 10 стипендии од категорија основци со месечен износ од 2.000,00 денари за период од 9 месеци или вкупно 180.000,00 денари; 1 стипендија за категорија средношколец со месечен износ од 3.000,00 денари за период од 9 месеци или вкупно 27.000,00 денари и 1 стипендија за категорија студент со месечен износ од 4.000,00 денари за период од 9 месеци или вкупен износ од 36.000,00 денари.

**Член 4**

Стипендијата ќе биде исплатена на посебна трансакциона сметка на секој корисник на стипендија со склучување на Договор.

**Член 5**

Со оваа Одлука се задолжува градоначалникот да склучи договор со секој од избраните стипендисти во кој ќе го регулира начинот на исплата како и други права и обврски кои произлегуваат за страните во договорот.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе биде објавена во Службен гласник на општината.

**Бр.08-895/1.2**
**15.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за неусвојување на Нацрт – Буџетот на Општина Росоман за 2026 година, донесено на 3-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 15.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-895/1.3**
**18.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 3-та седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за неусвојување на Нацрт – Буџетот на Општина Росоман за 2026 година**

1. Со ова Решение не се усвојува Нацрт – Буџетот на Општина Росоман за 2026 година со арх.бр.08-882/1 од 03.12.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 -895/1.3**
**15.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Одлуката за определување на надоместок на изборните органи за извршената работа во процесот на подготовка и спроведувањето на Локалните избори 2025 година во општина Росоман, донесена на 3-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 15.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-895/1.4**
**18.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 43 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06) и Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборниот процес бр.08-4741/1 од 14.11.2025 година, донесен од страна на Државната изборна комисија, Советот на Општина Росоман на 3-та седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

**за определување на надоместок на изборните органи за извршената работа во процесот на подготовка и спроведувањето на Локалните избори 2025 година во општина Росоман**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува вкупниот надоместок на изборните органи за извршената работа во процесот на подготовка и спроведувањето на Локалните избори 2025 година во општина Росоман.

**Член 2**

Врз основа на доставениот табеларен преглед на лица кои учествувале во подготовката и спроведувањето на Локалните избори 2025 година во општина Росоман, доставен од страна на Претседателот на Општинска изборна комисија Росоман, се определува вкупен износ од 2.054.900,00 денари.

**Член 3**

Од износот определен во член 2 од оваа Одлука ќе биде исплатен надоместокот за членовите на Општинската изборна комисија Росоман и на членовите на избирачките одбори, за извршената работа во процесот на подготовка и спроведувањето на Локалните избори 2025 година во општина Росоман, како и надоместокот за извршени услуги за превоз и транспорт на изборен материјал и членови на избирачки одбори.

**Член 4**

Средствата од член 2 од оваа Одлука ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Росоман на посебна сметка на општина Росоман за Општинска изборна комисија, од која ќе се врши исплата на надоместокот на секој член на изборните органи, согласно Правилникот за критериумите за определување на надоместок на членовите на изборните органи, изборната администрација и ангажираните лица по налог на Државната изборна комисија за организирање и спроведување на изборниот процес бр.08-4741/1 од 14.11.2025 година, донесен од страна на Државната изборна комисија.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 –895/1.4**
**15.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање на согласност на Анекс број 1 за измена и дополнување на Годишната програма за работа и прилозите кон Годишната програма на ООУ„Пере Тошев“ Росоман, бр.01-256/3 од 01.08.2025 година за учебната 2025-2026 година, донесено на 3-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 15.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-895/1.5**
**18.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 3-та седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање на согласност на Анекс број 1 за измена и дополнување на Годишната програма за работа и прилозите кон Годишната програма на ООУ„Пере Тошев“ Росоман, бр.01-256/3 од 01.08.2025 година за учебната 2025-2026 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Анекс број 1 за измена и дополнување на Годишната програма за работа и прилозите кон Годишната програма на ООУ„Пере Тошев“ Росоман бр.01-256/3 од 01.08.2025 година за учебната 2025-2026 година, со арх.бр.02-414/5 од 10.11.2025 година, усвоен со Одлука со арх.бр.02-414/4 донесена од страна на Училишен одбор при ООУ„Пере Тошев“ Росоман.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 -895/1.5**
**15.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 1.6 од утврдениот дневен ред на седницата - Одлука за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за регулиран период од 2025-2027 година, донесен на 3-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 15.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-895/1.6**
**18.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 3-та седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 1.6 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Одлуката за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за регулиран период од 2025-2027 година, донесена од Управен одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман, Советот одлучи:

- По спроведена расправа, Советот со мнозинство гласови се одлучи за повлекување на точката како точка за расправа на оваа седница и по истата ќе се одлучува откако дополнително ќе се утврдат одредени околности кои ќе бидат презентирани на Советот (диви приклучоци и загуби на вода).

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-895/1.6**
**15.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Заклучокот по однос на точка 1.7 од утврдениот дневен ред на седницата - Одлука за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за регулиран период од 2025-2027 година, донесен на 3-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 15.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-895/1.7**
**18.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Советот на Општина Росоман на 3-та седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

**1.** По однос на точка 1.7 од утврдениот дневен ред на седницата, односно Одлуката за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман за регулиран период од 2025-2027 година, донесена од Управен одбор на ЈПКД „РОСОМАН“ - Росоман , Советот одлучи:

- По спроведена расправа, Советот со мнозинство гласови се одлучи за повлекување на точката како точка за расправа на оваа седница и по истата ќе се одлучува откако дополнително ќе се утврдат одредени околности кои ќе бидат презентирани на Советот (диви приклучоци и загуби на вода).

**2.** Овој Заклучок влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08-895/1.7**
**15.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година, донесено на 3-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 15.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-895/1.8**
**18.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 9 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), а во врска со член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Росоман на 3-та седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за усвојување на Извештајот за финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година**

1. Со ова Решение се усвојува Извештајот (квартален) за финансиското работење на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР ШЕПА“ Кавадарци за период од 01.01.2025 година до 30.09.2025 година со арх.бр.02-242/2 од ден 30.10.2025 година, усвоен со Одлука со арх.бр.02-242/3 донесена од страна на Управниот одбор на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР ШЕПА“ Кавадарци на седницата одржана на ден 30.10.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 – 895/1.8**
**15.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 и 72 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06), Градоначалникот на Општина Росоман, донесе

# З А К Л У Ч О К

Се објавува Решението за давање на согласност на Програма и план за работа на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА со предлог буџет и финансиски план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА за 2026 година, донесено на 3-та седница на Советот на Општина Росоман одржана на ден 15.12.2025 година.

Изработила: З/К

**Бр.09-895/1.9**
**18.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**ОПШТИНА РОСОМАН**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Ѓорѓи Крстевски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 9 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр.7/06) и член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на Општина Росоман на 3-та седница одржана на ден 15.12.2025 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за давање на согласност на Програма и план за работа на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА со предлог буџет и финансиски план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА за 2026 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Програма и план за работа на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА со предлог буџет и финансиски план на ЗЈП СТАЦИОНАР ШЕПА за 2026 година со арх.бр.02-278/2 од 04.12.2025 година, усвоена со Одлука со арх.бр.02-278/3 донесена од страна на Управниот одбор на Заедничкото јавно претпријатие Регионален центар за згрижување на бездомни миленици и ветеринарно здравство „СТАЦИОНАР ШЕПА“ Кавадарци на седница одржана на ден 04.12.2025 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Росоман“.

**Бр.08 -895/1.9**
**15.12.2025 година**
**Р О С О М А Н**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангел Камчев с.р.**